# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## за 2016 година[1]

1. Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2016 година („Службен весник на РМ“ бр.3/2016)

2. Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2016 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.68/2016)

| | Здружение/ Фондација | Проект | Краток опис на активностите | Време-траење на проектот | Буџет (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Регионален центар за застапување Делчево | Изработка на локален еколошки акционен план на општина Делчево | Цел: Со изработка на ЛЕАП за општина Делчево да се креираат мерки и активности за заштита на животната средина базирани врз консензус на локалната власт, граѓанските здруженија и сите заинтересирани страни, односно да се направи анализа на состојбите во животната средина и утврдување на приоритетите за надминување на проблемите преку идентификација на проблемите, утврдување на приоритетите, подготвување на акциски план за мерки и активности и дефинирање на конкретни проекти. | 7.04.- 31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени........................................ 47.332,00<br>- Патни трошоци........................... 12.600,00<br>- Опрема............................................. 0,00<br>Канцелариски материјал...... 17.613,00<br>Други директни трошоци.. 11.964,00<br>- Индиректни трошоци................. 0,00<br>Специфични трошоци............. 12.176,00<br>Вкупно................................................ 301.685,00 |

[1] Податоците за проектите се прикажани согласно Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2016 година, бр.44-1489/1, разгледан од Владата на Република Македонија на 105. седница, одржана на 21.4.2017 година

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Активности:<br>- Спроведување на 4 работилници за подготовка на ЛЕАП;<br>- Печатење (500 примероци) и промоција на Локалниот еколошки акционен план на општина Делчево 2017-2020;<br>- Проектните активности се медиумски промовирани на национални и регионални електронски и пишани медиуми и регионални телевизии. | | Сопствено учество на организацијата : 1.685,00 ден. |
| 2 | Организација на жени турчинки од Македонија Дерја Скопје | Креирање на живот без насилство (кај жените од малцинствата) | Цел: Подигање на свеста на граѓаните за постоење на насилство врз жената и потребата од преземање чекори за решавање на овој проблем преку имплементирање на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, во сите сфери на живот, како и спроведување на едукација на жените за нивните фундаментални права преку организирање на семинари, работилници и други проектни активности.<br>Активности:<br>- Организирање на прес конференција за промоција на проектот;<br>- Организирање на 2 трибини;<br>- Припрема на детален план за реализација на работилниците;<br>- Селекција на кандидати и интервјуа со учесниците;<br>- Посети на терен;<br>- Прирема и печатење на 1000 информативни флаери;<br>- Подготовка на анкетни и евалуациони листови; | 7.04.-31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени...................................... 115.557,00<br>- Патни трошоци.......................... 18.415,00<br>- Опрема............................................. 0,00<br>- Канцелариски материјал........ 18.218,00<br>- Други директни трошоци........... 0,00<br>- Индиректни трошоци............. 14.466,00<br>- Специфични трошоци........... 131.999,00<br>Вкупно............................................. 298.655,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Организирање и спроведување на 18 работилници (по 3 работилници месечно во општините Гази Баба и Чаир), со учество на 500 жени Турчинки. Темите кои ќе се обработуваат на работилниците се: Полова еднаковст (права на жената); Насилство (познавање право на живот без насилство) и Мрежа на институционална пддршка (полиција, здравство, центри за социјална работа), неинституционална поддршка и НВО;<br>- Евалуација на проектот, подготовка на наративен и финансиски извештај. | | |
| 3 | Здружение за хуманитарни активности Синергија Штип | Чекори за самовработување на младите - од хоби до сопствен бизнис | Цел: Зголемување на обемот на знаења на студентите за превземање на акција за опочнување на сопствен бизнис преку креирање на производ/услуга што ќе ја разменат за остварување на приход и самовработување со што ќе се придонесе за намалување на невработеноста. Да се поттикне претприемачкиот дух на 30 млади/студенти на возраст од 19 до 23 години преку активно вклучување во обуки кои ќе ги подобрат нивните вештини, знаења и ќе им помогнат да развијат техники кои се потребни од својто талент да осмислат идеја за сопствен бизнис.<br>Активности:<br>- Информативна средба со студентите сместени во ДСД „Браќа Миладиновци“ – Штип;<br>- Спроведување на он-лајн анкета меѓу студентите сместени во ДСД Браќа Миладиновци – Штип;<br>- Реализација на обуки за: претприемништво, | 1.06. - 23.01.2017 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.................................. 196.800,00<br>- Патни трошоци.................................. 0,00<br>- Опрема............................................ 2.000,00<br>- Канцелариски материјал......... 3.479,00<br>- Други директни трошоци..........9.720,00<br>- Индиректни трошоци...................... 0,00<br>- Специфични трошоци............ 88.000,00<br>Вкупно............................................. 299.999,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | обука за работа на веб страна, креирање на сопствен блог, креирање на содржини (статии) на избраната тематика или објавување на постоечки (article syndication), имплементација на приходен модел –Google AdSense, промоција на проектот (Интернет маркетинг план), објавување налинк (и краток опис) на e-Biznisi.net, обука/креативна работилница на која учесниците ќе имаат можност да ги изразат, сработат своите креации;<br>- Изработка на веб страна-онлајн маркет за производи www.mladibiznis.sinergija.mk;<br>- Печатење на Прирачник „Чекори за самовработување на младите – од хоби до сопствен бизнис“ (300 примероци);<br>- Печатење на промотивен материјал (флаери) за промоција на веб страна, визит карти и цедиња за промоција на изработките;<br>- Медиумска презентација на проектот;<br>- Организација на Базар/изложба, промоција во живо на изработките на учесниците во проектот. | | |
| 4 | Здружение на лица со церебрална парализа Велес | Мрежа на услуги Стратегија за промени | Цел: Подобрување на животот на лицата со попреченост од моментот на раѓање, периодот на детство, образование и рехабилитација. Градење на мрежа на услуги на сите локални институции кои работат со лица со попреченост, преку размена на информации, градење на партнерства меѓу секторите и зајакнување на капацитетите на истите. Со проектот ќе бидат опфатени здравствените, социјалните, образовните | 1.07. - 31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени...................................... 179.982,00<br>- Патни трошоци........................... 25.000,00<br>- Опрема............................................... 0,00<br>- Канцелариски материјал..... 14.000,00<br>- Други директни трошоци..... 13.000,00<br>- Индиректни трошоци................ 0,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | институции, невладини организации, бизнис секторот, медиумите и др. и ќе бидат потпишани меморандуми за соработка.<br>Активности:<br>- Формирање на тим за реализација на проектот;<br>- Идентификација на сите институции на локално ниво;<br>- Подготовка на план за работилници;<br>- Организирање на шест работилници за мрежно поврзување;<br>- Подготовка на стратегија за мрежно делување;<br>- Потпишување на меморандум за соработка;<br>- Медиумска кампања;<br>- Подготовка на ТВ спот;<br>- Подготовка и печатење на адресар на институции од Велес кои водат грижа за лица со попреченост. | | - Специфични трошоци............ 68.000,00<br>- Вкупно........................................... 299.982,00 |
| 5 | Фондација за негување на Македонското културно наследство Македоника Скопје | Дигитализирање на делата на македонските преродбеници и автори што се од витален интерес за македонската нација | Цел: Собирање и трајна заштита на делата на просветителите, преродбениците и основоположниците на македонската литература, камен темелникот на нашиот идентитет, јазик, писменост и култура, со нивно објавување во бесплатната дигитална библиотека на Фондација МАКЕДОНИКА, со што истите ќе им станат брзо и едноставно достапни на сите македонски граѓани, независно од нивното место на живеење во светот, како и на стручната и научна јавност.<br>Активности:<br>- Избор од 23 најзначајни дела од историјата на македонската книжевност; | 1.05. - 30.11.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.................................... 179.660,00<br>- Патни трошоци......................... 0,00<br>- Опрема........................................... 0,00<br>- Канцелариски материјал.. 0,00<br>- Други директни трошоци.. 45,00<br>- Индиректни трошоци......... 4.921,00<br>- Специфични трошоци....... 129.707,00<br>Вкупно............................................. 314.333,00<br>Сопствено учество на организацијата : 14.333,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Корекција и редактура на содржината на тие дела со техничко и дизајнерско приспособување на најмодерните светски технологии на дигиталното издаваштво;<br>- Внесување на текстот во електронска форма преку соодветен софтвер;<br>- Објавување на делата во дигиталната библиотека www.makedonika.mk. | | |
| 6 | Здружение Извиднички одред Димитар Влахов Велес | Младинско самовработување - младинска самопомош | Цел: Промовирање на младинското самовработување и искористување на природните ресурси и подзаборавените стари занаети во Република Македонија и создавање на одговорности кај младите кои пристапиле во извидничкото движење, промоција на МОБА пристапот (народен обучај каде што момчиња и девојчиња помагаат бесплатно во взаемно возвраќање во поголеми селки работи) и популаризација на малите семсјни бизниси и јакнење на способноста за поддршка на способните млади луѓе. Иницирање и развој на форми на рурален еко-етно-агро младински туризам и негова популаризација, намалување на невработеноста кај младите во Велес и Република Македонија, преку самовработување, како мал семеен бизнис и преку долгорочен одржлив развој на младински волонтери, преку нивна едукација и тренинг.<br>Активности:<br>- Мини кампања за информирање на јавноста за активностите кои што ќе се превземат во рамките на проектот (постер, флаер, ТВ спот, радио џингл); | 1.07. - 31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.................................... 0,00<br>- Патни трошоци........................ 133.408,00<br>- Опрема........................................... 35.770,00<br>- Канцелариски материјал.... 12.496,00<br>- Други директни трошоци... 26.084,00<br>- Индиректни трошоци.......... 38.400,00<br>- Специфични трошоци......... 68.210,00<br>Вкупно............................................. 314.368,00<br>Сопствено учество на организацијата : 14.368,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Организирање на тематски младински кампови;<br>- Организирање на ТВ дебата со претседателите на НВО кои работат со/и за млади на локална телевизија ТВ Канал 21;<br>- Примарно анкетирање на 100 млади од Велес и обработка на резултатите на анкетирањето;<br>- Издавање на прирачникот „Логорување“. | | |
| 7 | Здружение за истражување и развој ИТ КРЕАТИВ Битола | Стара битолска чаршија - историја, култура, наследство | Цел: Поттикнување на поголем развој на туризмот и современо претставување на културно историското значење на старат Битолска чаршија. Со помош на ИТ технологија да се изврши промоција на историските и културни богатства што ги поседува Старата Битолка чаршија пред домашни и странски туристи.<br>Активности:<br>- Прибирање на фото и видео материјали од историските и културни богатства;<br>- Обработка и дизајнирање на материјалите;<br>- Изработка и печатење на брошури и флаери на повеќе странски јазици;<br>- Дизајнирање и изработка на Веб страна;<br>- Изработка и поставување на патоказни знаци од страна на волонтери;<br>- Одржување на семинари и работилници на кои ќе бидат поканети туристички работници, невладин сектор и занаетчии од Битола. | 1.06. - 31.10.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.....................................224.645,00<br>- Патни трошоци........................... 10.000,00<br>- Опрема...................................................... 0,00<br>- Канцелариски материјал..........9.450,00<br>- Други директни трошоци.........4.000,00<br>- Индиректни трошоци..................3.905,00<br>- Специфични трошоци.............48.000,00<br>Вкупно...............................................300.000,00 |
| 8 | Здружение на граѓани Центар за европски развој и интеграција | О3 (О-Три) - (Општествено одговорни организации) Проект за јакнење | Цел: Создавање на услови за имплементација на принципите на општествена одговорност и општествено одговорни практики од страна на малите и средни бизниси и јавни организации на локално ниво. Јакнење на капацитетите на | 7.04.- 31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени...................................... 151.500,00<br>- Патни трошоци......................... 25.200,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Битола | на капацитетот на граѓанските организации за поддршка на имплементација на општествено одговорни практики кај малите и средните бизниси | граѓанските организации од Пелагонискиот плански регион за поддршка на малите и средните бизниси и јавните организации во имлементирање на принципите на општествена одговорност и развивање и спроведување на општествено одговорни практики.<br>Активности:<br>- Основна организација на проектот;<br>- Организирање на три обуки за општествена одговорност со учество на 10 членови на граѓански организации и 20 членови од Политеа – школа за креирање на јавни политики и лидерство;<br>- Обука I – Концепт на општествена одговорност и општествено одговорни практики, одржана на 28.5.2016 година во хотел Театар, Битола;<br>- Обука II – Планирање и имплементација на проекти базирани врз концептот на општествена одговорност, одржана на 29.5.2016 година во хотел Театар, Битола;<br>- Обука III – Европски модели и најдобри практики за реализација на проекти засновани на принципите на општествена одговорност, одржана на 4.6.2016 година во хотел Театар, Битола;<br>- Ангажирани истражувачи за изработка на водич за општествена одговорност во Пелагонискиот регион од 10.6.2016 до 10.9.2016 година;<br>- Изработка на студија за потребите од отварање на народна кујна во општина Битола | | - Опрема............................................... 0,00<br>- Канцелариски материјал..... 12.300,00<br>- Други директни трошоци..... 0,00<br>- Индиректни трошоци........... 27.000,00<br>- Специфични трошоци.......... 84.000,00<br>Вкупно............................................. 300.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во периодот од 10.6.2016 до 10.9.2016 година;<br>- Промоција на водичот и студијата пред граѓанските организации, претставници на јавните установи, претставници на мали и средни бизниси, како и пред други субјекти од Пелагонискиот регион на 4.11.2016 година. | | |
| 9 | Здружение на граѓани Симбиоза Штип | Соларна енергија - енергија за целиот дом | Цел: Менување на свеста на општеството и на граѓаните во врска со можноста за користење на обновливите извори на енергија, практична примена на соларна енергија, со што преку зголемена монтажа на соларни системи, државата ќе го намали увозот на електрична енергија.<br>Активности:<br>- Избор на целната група;<br>- Промоција на проектот во медиуми;<br>- Формирање на 4 групи од заинтересирани кандидати;<br>- Запознавање на кандидатите со суштината на проектот;<br>- Обезбедување на неопходна опрема, простор и кабинет за предавања;<br>- Подготовка на часови за 5 дневни теоретски и практични предавања;<br>- Одржување на работилници во ЕкоСолар, Хотел Изгрев, Верона, Национална установа – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип;<br>- Изработување на соларни колектори во работилниците на ЕкоСолар и поставување на соларни колектори на објект;<br>- Подготовка на материјали за настава со | 1.07. - 31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.................................... 120.445,00<br>- Патни трошоци.......................... 6.000,00<br>- Опрема.............................................. 0,00<br>- Канцелариски материјал.... 0,00<br>- Други директни трошоци.... 4.500,00<br>- Индиректни трошоци............ 66.500,00<br>- Специфични трошоци........... 102.780,00<br>- Вкупно........................................... 300.225,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | најнови сознанија и искуства од областа на соларните колектори;<br>- Печатење на брошура за проектот: „Соларна енергија – енергија за целиот дом“;<br>- Медиумска евалуација на спроведените активности во печатени медиуми, две телевизии и веб страната на здружението. | | |
| 10 | Здружение Минерва тим Свети Николе | Семејните вредности-стожер на здраво општество | Цел: Придонес во креирање на здраво општество со цел задржување на семејните вредности кај наредните генерации, зголемување на информираноста на најмалку 200 ученици и воведување на редовни проектни активности во средното училиште во општина Свети Николе за важноста во одржувањето на квалитетни семејни вредности, важни за здраво општество со акцентирање на претпазливост при користењето на социјалните мрежи.<br>Активности:<br>- Одржување на почетна прес конференција;<br>- Спроведување на обуки за пеер едукатори;<br>- Пренесување на стекнатите знаења од пеер едукаторите на нивните соучесници;<br>- Лобирање кај директорката во средното училиште и соработник за образование, култура и спорт при општина Свети Николе – индивидуални средби и заедничка тркалезна маса;<br>- Инфраструктурни услови важни за училиштето - демонтажа на старите дрвени врати и набавка и поставување на нови внатрешни алуминиумски врати во зградата 2;<br>- Изготвување на финален наративен извештај | 1.05. - 31.10.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.................................... 60.001,00<br>- Патни трошоци......................... 3.000,00<br>- Опрема........................................... 205.792,00<br>- Канцелариски материјал... 0,00<br>- Други директни трошоци.. 42.800,00<br>- Индиректни трошоци.......... 18.000,00<br>- Специфични трошоци........ 34.206,00<br>Вкупно............................................... 363.799,00<br>Сопствено учество на организацијата : 63.799,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | за проектот. | | |
| 11 | Здружение Извор Кратово | Уредување на просторот на споменикот на природата - Куклица | Цел: Проектот има за цел да овозможи генерално уредување, заштита и одржливо користење на просторот на споменикот на природата – локалитетот Куклица. Со реализацијата на проектните активности ќе се уреди просторот со што ќе се создадат услови за соодветно презентирање на природните вредности на овој објект на природата и ќе се овозможи негово доближување до многубројните посетители од земјата и од странство.<br>Активности:<br>- Уредување на пешачки патеки со површина од 1.600 м2;<br>- Копање на одводни канали со должина од 300м;<br>- Поставување на 4 маси;<br>- Поставување на 8 клупи за седење;<br>- Поставување на 8 канти за отпадоци;<br>- Поставување на влезна врата и<br>- Поставување на систем за набљудување – сет од 4 камери. | 7.04.-31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.......................................55.200,00<br>- Патни трошоци....................................0,00<br>- Опрема.............................................47.200,00<br>- Канцелариски материјал..................0,00<br>- Други директни трошоци..........2.885,00<br>- Индиректни трошоци...............18.000,00<br>- Специфични трошоци...........176.600,00<br>Вкупно................................................299.885,00 |
| 12 | Здружение за развој на ромската заедница Сумнал Скопје | Книгата е наше богатство | Цел: Развој на културното наследство на Ромите во Република Македонија преку публикација и промоција на книга со приказни и Буквар – сликовница на ромски јазик. На овој начин ќе се промовираат позитивните аспекти на ромската култура и јазик и ќе се влијае кон намалување на предрасудите и стереотипите во однос на ромската етничка заедница.<br>Активности:<br>- Избор на заинтересирани кандидати за | 15.05. - 15.11.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени................................. 204.000,00<br>- Патни трошоци...................... 6.000,00<br>- Опрема.......................................... 0,00<br>- Канцелариски материјал.. 0,00<br>- Други директни трошоци.. 0,00<br>- Индиректни трошоци......... 0,00<br>- Специфични трошоци....... 90.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | преведување и толкување од македонски на ромски јазик;<br>- Превод и толкување на приказна за деца од македонски на ромски јазик;<br>- Изработка на Буквар – сликовница со илустрации на ромски јазик;<br>- Графички дизајн и подготовка за печатење;<br>- Изработка на план за промоција и<br>- Промоција на книгите во две општини на Република Македонија (Скопје и Битола). | | Вкупно............................................ 300.000,00 |
| 13 | Здружение за заштита и развој на руралните простори Извор Кичево | Детектирање и заштита на архитектонското и градителско културно наследство во Кичевско | Цел: Цел на проектот е подигнување на свеста кај општата целна група, а особено кај помладата генерација за потребата од сеопфатно презентирање и заштита на богатиот етнолошки материјал. Со истражувањето, презентирањето и публикувањето на овој материјал се отвора можност за економски развој на градот Кичево и неговите населени места, а воедно преку заштитата и популаризацијата на градителската и архитектонската традиција се овозможува заштита на културното наследство.<br>Активности:<br>- Средби на терен каде населението е заинтересирано за вложување во мали бизниси, како што се угостителски објекти;<br>- Анкетирање со кое ќе се испита јавното мислење за оваа проблематика;<br>- Изработка на брошура;<br>- Фото и видео документирање и<br>- Одржување на расправи на кои ќе се презентира потребата од зачувување на градителската и архитектонската традиција | 1.06. - 31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени......................................122.223,00<br>- Патни трошоци............................30.000,00<br>- Опрема.............................................12.000,00<br>- Канцелариски материјал..................0,00<br>- Други директни трошоци.......18.000,00<br>- Индиректни трошоци..............83.000,00<br>- Специфични трошоци.............41.000,00<br>Вкупно..............................................306.223,00<br>Сопствено учество на организацијата : 6.223,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | како посебен вид на национална применета уметност. | | |
| 14 | Здружение Културно уметничко друштво Дримкол Вевчани | Вевчанското нематеријално културно наследство - никулец за зачувување на етнокултурниот идентитет | Цел: Проектот има за цел организирање промотивни активности за претставување на Вевчанското нематеријално културно наследство, како значаен предуслов за зголемен економски развој на Вевчани, пораст на животниот стандард и стапката на вработеност. Исто така, во функција на развој на културниот туризам во Вевчани, да се овозможи оптимално искористување на нематеријалното културно наследство, како и да се зачуваат голем број на специфични обреди, песни и игри кои се карактеристични за Вевчани и сведочат за богатата духовна култура.<br>Активности:<br>- Административно – техничка подготовка;<br>- Скенирање на теренот и прибирање на општи информации;<br>- Детална анализа и обработка на прибраните материјали;<br>- Завршна обработка на материјалите и подготовка на истите за објавување;<br>- Печатење на брошура „Обреди и обичаи во Вевчани“;<br>- Изработка на фотографии за изложба „Нематеријално културно наследство низ призмата на објективот“;<br>- Снимање на документарен филм „Со песни и оро до височините;<br>- Промовирање и дистрибуција на печатените и снимените материјали до соодветните | 1.07. - 31.01.2017 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени................................. 168.888,00<br>- Патни трошоци....................... 3.000,00<br>- Опрема............................................ 0,00<br>- Канцелариски материјал... 0,00<br>- Други директни трошоци.. 60.000,00<br>- Индиректни трошоци.......... 0,00<br>- Специфични трошоци......... 68.000,00<br>Вкупно............................................. 299.888,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | институции. | | |
| 15 | Здружение за социјална и здравствена заштита Благородна мисија Кочани | Подадена рака | Цел: Проектот има за цел да придонесе за подобрување на квалитетот на живот на социјално загрозените граѓани, како и да ги намали социјалните разлики, преку подигнување на свеста на граѓаните за ранливите категории во заедницата, подигнување на нивото на социјална заштита, развивање на чувство на милосрдие и зголемување на бројот на донатори и корисници на услугите во Центарот за донации.<br>Активности:<br>- Работа на волонтери во Центарот за донации секој работен ден, по 5 часа дневно, а по потреба доаѓање и во други термини;<br>- Прием на ствари и распределување на истите по утврдени критериуми од страна на дежурните;<br>- Опремување на Центарот за донации (набавка на рафтови кои ќе се монтираат на ѕид во должина од 5 метри и набавка на 2 штендера);<br>- Изработка и печатење на леток со информации за работата на Центарот и содржини кои ќе поттикнат на размислување за потребите на ранливите категории – 1000 броја;<br>- Печатење на плакати – 50 броја;<br>- Изработка и емитување на реклама/спот за проектот „Подадена рака“;<br>- Објава во електронските и пишаните медиуми за работата на Советувалиштето (ТВ Кочани, ТВ Канал 8, Радио Кочани, Портал Комарец, Веб страна на Општина Кочани, Инфо – | 7.04.-31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.................................. 178.800,00<br>- Патни трошоци........................ 42.000,00<br>- Опрема........................................... 17.000,00<br>- Канцелариски материјал... 13.000,00<br>- Други директни трошоци.. 25.396,00<br>- Индиректни трошоци........... 0,00<br>- Специфични трошоци........ 23.804,00<br>Вкупно............................................ 300.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | локален весник, ТВ Стар – Штип);<br>- Ангажирање на фирма за превоз, склучување на договор за пренос на донираните ствари и<br>- Промовирање на работата на центарот –прес конференции, изработка на прилози и слично. | | |
| 16 | Центар за развој на општеството Милениум Врапчиште | Локална транспарентност - актуелни практики во општина Врапчиште | Цел: Заживување на механизмите за потранспарентно, поодговорно и поотчетно работење на локалните власти, кон зајакнување на учеството на граѓаните и бизнис заедницата во донесувањето одлуки на локално ниво.<br>Активности:<br>- Обука на анкетари;<br>- Подготвување на анкетни прашања за членовите на локалната самоуправа, бизнис секторот и граѓаните на општина Врапчиште, нивно печатење во 300 примероци, по 100 на албански, турски и македонски јазик;<br>- Анкетирање на 300 граѓани (1-31.08.2016 година);<br>- Печатење на резултатите од анкетите (на веб сајтот на ЦРО Милениум и во брошура „Локална транспарентност-актуелни практики во општина Врапчиште“ во 1000 примероци;<br>- Организирање јавна трибина во просториите на општина Врапчиште на 21.10.2016 година, за презентирање на анкетните резултати на присутните членови од локалната самоуправа, НВО секторот, бизнис секторот, граѓаните и медиумите. | 7.04.-31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.................................... 145.000,00<br>- Патни трошоци........................ 24.000,00<br>- Опрема............................................ 0,00<br>- Канцелариски материјал.... 18.000,00<br>- Други директни трошоци... 20.000,00<br>- Индиректни трошоци............ 24.000,00<br>- Специфични трошоци........... 69.000,00<br>Вкупно............................................ 300.000,00 |
| 17 | Здружение за соработка и развој АМГ | Градење на препознатлив туристички имиџ | Цел: Проектот има за цел да придонесе кон зајакнување на туристичките капацитети и подобрување на вештините на туристичките | 7.04.-31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи: |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Преспа Скопје | преку заеднички туристички понуди по светски стандарди | работници, преку размена на искуства и обуки. Исто така, овој проект ќе овозможи посредство помеѓу туристичките работници и воведување на светски стандарди во туристичките понуди, во насока на градење на препознатлив туристички имиџ.<br>Активности:<br>- Набавување на професионална камера за сликање на објектите на туристичките работници;<br>- Објавување на оглас на веб страна, како и на социјални мрежи за пројавување на интерес;<br>- Ангажирање на лице за вршење на административни работи, сликање на терен, одржување на веб страната www.visitprespa.com и др.;<br>- Изработка, дизајн и печатење на флаери, летоци и постери;<br>- Посета на терен на потенцијалните туристички работници опфатени со проектот;<br>- Организирање на заеднички состаноци и обука. | | - Вработени....................................224.160,00<br>- Патни трошоци........................ 20.000,00<br>- Опрема............................................ 25.676,00<br>- Канцелариски материјал... 0,00<br>- Други директни трошоци... 1.606,00<br>- Индиректни трошоци........... 0,00<br>- Специфични трошоци.......... 33.000,00<br>Вкупно..............................................304.442,00<br>Сопствено учество на организацијата : 4.442,00 ден. |
| 18 | Здружение на граѓани - Еколошко друштво Скардус Тетово | Полошка холокултурна хармонија | Цел: Цел на проектот е да се развие меѓуетничко разбирање и да се создадат реални предуслови за поефикасна промоција и користење на вредностите на културниот диверзитет во насока на зачувување на материјалното и нематеријалното културно наследство, како алатка за социо – економски развој во Полошкиот Регион (општини Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Гостивар, Желино, Јегуновце, Маврово-Ростуше, Теарце и Тетово). | 1.05. - 30.09.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени....................................... 93.332,00<br>- Патни трошоци........................... 47.858,00<br>- Опрема........................................... 20.000,00<br>- Канцелариски материјал...... 23.950,00<br>- Други директни трошоци..... 41.910,00<br>- Индиректни трошоци............ 21.750,00<br>- Специфични трошоци........... 51.200,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Активности:<br>- Ревизија на пописот на сите активни и пасивни традиционални занаетчии во Полошкиот Регион;<br>- Одржување на Културна манифестација – Занаетчиски Фестивал, Полошки културен диверзитет – Денови на традиционалното занаетчиство;<br>- Креирање на мобилна „Спомен Соба“ во просториите на Г.З. Скардус и изложба на истата во општините на проектниот регион;<br>- Снимање на документарец;<br>- Печатење на материјали;<br>- Одржување на семинар;<br>- Вмрежување и менторство на традиционални идеи;<br>- Завршна конференција „Перспективите на традиционалната холокултурна дејност во Полошкиот Регион“. | | Вкупно............................................ 300.000,00 |
| 19 | Здружение за артикулација на младински интерес Форум за авангардна креативност ФАК Прилеп | Авантуристичкиот туризам како мотивација за заштита на животната средина кај младиот човек | Цел: Проектот има за цел да го поттикне развојот на авантуристичкиот туризам преку мотивирање на младите луѓе за одржување на чиста и здрава животна средина, спроведување на обуки на наставен кадар за понатамошна популаризација на алтернативните спортови во рамките на училишните активности, јакнење на човечките ресурси во правец на унапредување на активниот туризам, како и спроведување на еко – акции кои ќе го промовираат Прилеп како водечки центар за активен туризам во Македонија.<br>Активности:<br>- Формирање на работен тим (одржување на | 1.07. - 31.12.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.......................................166.668,00<br>- Патни трошоци........................... 30.000,00<br>- Опрема............................................ 44.750,00<br>- Канцелариски материјал..................0,00<br>- Други директни трошоци..........2.582,00<br>- Индиректни трошоци.........................0,00<br>- Специфични трошоци............ 56.000,00<br>Вкупно.............................................300.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | средби и изготвување на план за реализирање на идни активности);<br>- Подготовка на образовен материјал за професорите;<br>- Организација на семинар за професорите по физичко образование;<br>- Изготвување и испраќање на покани;<br>- Изнајмување на просторија;<br>- Изнајмување на озвучување и проектор;<br>- Обезбедување на медијатор;<br>- Организирање на кетеринг за учесниците;<br>- Одржување на предавања во основните и средните училишта во Прилеп во текот на октомври, ноември и декември;<br>- Обезбедување на опрема (проектор и озвучување);<br>- Обезбедување на промотери;<br>- Обезбедување на простории;<br>- Одржување на семинар на тема: „Прилеп – центар за авантуристички туризам и можности за негов понатамошен развој“, во хотел Монтана (Крушево) на 20.09.2016 година;<br>- Еко акција на болдер секторите, маркираните велосипедски стази, полетувалиштето за параглајдинг и стазата на КМУТ, со учество на сите основни и средни училишта во градот. | | |
| 20 | Здружение на граѓани за култура и уметност АН-БЛОК Скопје | Меѓукултурниот дијалог - инструмент за мир | Цел: Цел на проектот е почитување на културната разноликост како движечка сила за развој на општеството и демократијата и унапредување на меѓукултурниот дијалог како еден од инструментите за мир. Притоа, особено внимание ќе се посвети на размената на знаења | 15.04. - 15.07.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени.................................... 71.667,00<br>- Патни трошоци......................... 207.600,00<br>- Опрема............................................. 0,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | за изработка на уметнички дела и ракотворби, запознавање на јавноста со културните обележја и богатства, проширување на знаењата за архитектурата и ентериерот на староградските куќи во Крушево.<br>Активности:<br>- Одбележување на почетокот на имплементирањето на проектот и презентирање сите негови важни елементи;<br>- Организирање четири социолошки работилници за меѓусебното запознавање, адаптирање, социјализирање, конструктивна комуникација, доверба и пријатна атмосфера за работа;<br>- Организирање работилница без граници, со можности учесниците практично да ги разменуваат знаењата за изработка на уметнички дела и ракотворби;<br>- Организирање трибина на тема „Меѓукултурниот дијалог – инструмент за мир“ посветена на презентирање, афирмирање и почитување на културни обележја на етнички групи во Република Македонија, како и Франција, Хрватска, и Полска со посебен акцент на обичаите и на народните носии;<br>- Презентирање на македонска, српска, влашка, турска, албанска, ромска, бошњачка, француска, хрватска и полска народна музика, песна и танц;<br>- Посета на староградските куќи и културно – историските споменици во Крушево; | | - Канцелариски материјал... 0,00<br>- Други директни трошоци.... 935,00<br>- Индиректни трошоци............. 0,00<br>- Специфични трошоци............ 19.804,00<br>Вкупно...............................................300.006,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Приклучување во повеќе значајни активности кои се организираат по истиот повод; и<br>- Потполнување на евалуациони листи. | | |
| 21 | Здружение на граѓани Подобра иднина Пробиштип | Лесново, манастирски туристички и угостителски бренд | Цел: Целта на овој проект е изработување на квалитетен акционен план за промоција на село Лесново преку вклучување на сите релевантни чинители во негова изработка кој ќе ги даде идните правци во кои ќе се движи промоцијата. Поголем дел од туристите кои доаѓаат во Лесново доаѓаат само заради посета на Лесновскиот манастир и не се запознаени со другите знаменитости и атракции кои ги нуди овој крај. Преку изработка на квалитетни промотивни материјали и преку промоција на интернет целта е што поголем број на луѓе да се запознаат со овие реткости и знаменитости, а преку угостителскиот саем да се промовираат традиционалните јадења и начини на подготовка на храна. На крај целта е село Лесново да стане препознатливо по целокупните свои убавини и знаменитости кои ги нуди и да се формира една целокупна туристичка понуда која ќе може да привлече и задржи поголем број на туристи на подолг период од еден ден.<br>Активности:<br>- Организирање на работилница со сите релевантни чинители за изработка на SWOT анализа и акционен план за промоција на село Лесново;<br>- Изработка на Акционен план за одржлив развој на туризмот во село Лесново;<br>- Изработка на промотивни материјали од | 1.05. - 31.10.2016 | Доделени средства: 300.000,00<br><br>Структура на расходи:<br>- Вработени......................................80.000,00<br>- Патни трошоци............................20.000,00<br>- Опрема........................................................0,00<br>- Канцелариски материјал...... 10.000,00<br>- Други директни трошоци..................0,00<br>- Индиректни трошоци.........................0,00<br>- Специфични трошоци............190.799,00<br>Вкупно...............................................300.799,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | страна на стручно лице за дизајн за промоција на село Лесново и изработка на брошура за туристичка понуда на македонски и англиски јазик;<br>- Организирање на традиционален угостителски саем за претставување и дегустација на традиционални јадења, песни и ора;<br>- Организирање на две работилници во соработка со Одделението за локален економски развој при Општина Пробиштип во насока на промовирање на село Лесново во електронски туристички водич кој ќе биде достапен на веб страната на општината;<br>- Креирање на facebook страна www.facebook.com/podobraidnina/ на која се претставени резултатите на проектот и нејзино тековно одржување;<br>- Организирање на јавна завршна конференција со цел претставување на резултатите од проектот. | | |
